

SALAR International
A part of the Swedish Association
of Local Authorities and Regions

Проект: „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ во Северна Македонија

# ПРОЦЕНКА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ШЕСТ ПИЛОТ ОПШТИНИ ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ И ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# Содржина


**Позадина** 3

**Методологија** 4

**Наоди и препораки по клучна област** 5

Област I: Усогласеност на регулативите и политиките 6

Област II: Организациски капацитет и носење одлуки 7

Област III: Управување со податоци и следење 8

Област IV: Планирање и известување 9

Област V: Меѓусекторска координација и меѓуопштинска соработка 9

Област VI: Знаење, стручност и иновации 10

Област VII: Распределба на ресурси 11

Област VIII: Инфраструктура и опрема 12

Област IX: Вклучување на засегнати страни 13

Област X: Јавна свест и едукација 14



SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden Sverige

# Позадина

Проценката на капацитетите беше спроведена во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ во Северна Македонија спроведен од страна на САЛАР Интернешенал (SALAR International). Целта беше да се добијат сознанија за тековните капацитети на општините **во 10 клучни области** на управувањето со отпадот, вклучувајќи аспекти како што се организациска структура, ресурси, рамки на политики и ангажман на засегнатите страни.

Клучната цел на проценката беше да се идентификуваат области каде што општините треба да се подобрат за да развијат ефикасни акциски планови и да ги спроведат на ефикасен начин. Сознанијата добиени преку проценката ја поставија појдовната основа за мерење на успехот на проектот, што потоа ќе доведе до формулирање на програма за развој на капацитетите која ќе биде прилагодена за решавање на идентификуваните пропусти. Конечно, проценката ќе биде клучна за поддршка на целите на проектот за промовирање одржливи јавни услуги, усогласеност со законодавството на ЕУ, еколошка одговорност и зајакнување на локалната демократија.

Дополнително, наодите од проценката обезбедуваат корисни препораки за носителите на одлуки за приоретизирање на интервенциите и ефикасна распределба на ресурсите за унапредување на практиките за управување со отпад. Со оглед на процесот на пристапување во ЕУ на земјата, проценката е многу важна за поведување грижа националното законодавство за животна средина, кое е усогласено со правото на ЕУ, ефикасно да се спроведе на локално ниво. Севкупно, наодите и препораките од оваа проценка можат да бидат важен чекор кон подобрување на услугите за управување со отпад на локално ниво и постигнување на целите за одржлив развој во Северна Македонија.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Проценката на капацитетите примени сеопфатна методологија која комбинираше и квантитативни и квалитативни методи вклучувајќи полуструктурирани прашалници и лични интервјуа со релевантниот општински персонал во секоја општина (директори на јавни комунални претпријатија, раководители на општински сектори за животна средина, локален економски развој, финансии, правни одделенија и човечки ресурси, и меѓународна соработка). Околу 40 општински/ЈКП персонал учествуваше во интервјуата во сите шест општини (5-8 лица во секоја), претставувајќи различни сектори. Прашалникот содржеше 81 прашање/индикатор за мерење на капацитетите во 10 клучни области на општинското работење (секој вклучувајќи 2 засебни критериуми).

Десетте клучни области на општинско работење се следните:

I. Усогласеност на регулативите и политиките
II. Организациска структура и процес на носење одлуки
III. Собирање податоци и следење (мониторинг)
IV. Планирање и известување
V. Меѓусекторска координација и меѓуопштинска соработка
VI. Знаење, стручност и иновации
VII. Распределба на ресурси
VIII. Инфраструктура и опрема
IX. Вклучување на засегнати страни
X. Јавна свест и едукација

Интервјуата беа спроведени преку специјално изработена Алатка за проценка на капацитетите (CAT) - табела која ги содржи сите индикатори и ги пресметува и прикажува сите бодовни резултати и информации собрани за време на Проценката на капацитетите.

За да се добијат бодовни резултатите, секоја општина помина целосна евалуација обезбедувајќи одговори и докази за постоечките капацитети на сите индикатори (прашања), согласно CAT. Врз основа на одговорите, беа пресметани резултатите за капацитетите за секоја клучна област. Вкупните резултати од Проценката на капацитетите, кои се комбинирани резултати од сите клучни области, се прикажани и табеларно и како пајаков дијаграм за да обезбедат визуелизација на релативните предности и слабости на локалната самоуправа по клучна област. Освен полуструктурираниот прашалник, интервјуата беа дизајнирани да овозможат отворени дискусии со општинскиот и ЈКП персонал обезбедувајќи попрецизно разбирање на причините зад тековните состојби на капацитетите за секоја од областите предмет на Проценката.

Проценката беше спроведена од декември 2023 до февруари 2024 година во сите шест пилот општини: Охрид, Битола, Кичево, Пласница, Прилеп и Новаци.

# НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ПО КЛУЧНА ОБЛАСТ

Деталната проценка на капацитетите за управување со отпадот во шесте пилот општини во Југозападниот и Пелагонискиот плански регион ги истакнува и предизвиците и можностите кои се суштински за подобар увид во тековната состојба на управувањето со отпадот и идентификувањето на областите за подобрување. На пример, компаративниот преглед покажува дека најслабите капацитети се при собирање и следење податоци (усогласеност од 13%), додека во однос на инфраструктурата и опремата, претежно се доволни ресурсите за покривање на тековните оперативни барања (усогласеност од 75%), со исклучок на оние кои би се појавиле по воспоставувањето на регионалниот систем за управување со отпад.

**Вкупни просечни бодовни резултати на проценката во сите шест општини**



# Област I:
# Усогласеност на регулативите и политиките

## Наоди:

Општините се соочуваат со значителни пречки во спроведувањето на законодавството за управување со отпад поради различни недостатоци во организациската структура, финансии, знаење и експертиза. Дополнително, општините немаат ефективни механизми за спроведување на законодавството и усогласување на локалните политики со националните и барањата на ЕУ.




## Препораки:

- Вклучување на управувањето со отпад во нови/постоечки **долгорочни политики** за локален и/или регионален развој, усогласени со националното законодавство и барањата на ЕУ. Документите на политики треба да ги резимираат главните законодавни обврски на општината/градоначалникот, целите за собирање, рециклирањето и отстранувањето на отпадот, развојот на административната структура, финансирањето, собирањето и обработката на податоците, временскиот распоред и одговорните засегнати страни. Документот треба да земе предвид дека воспоставувањето на интегриран регионален систем за управување со отпад е комплексна реформа која ќе се спроведува во наредните години. Процесот на развивање и усвојување на документот треба да биде инклузивен и транспарентен и да вклучува консултации со МЖСПП, Центарот за регионален развој, НВОи, граѓани, колективни постапувачи, бизнис секторот, образовниот сектор и други.
- Континуиран развој, ревизија и подобрување на Локалниот акциски план за интегрирано управување со отпад.
- Активна работа на обезбедување финансирање за Локалниот акциски план за управување со отпад (буџетска линија + проекти).
- Подобрување на знаењето за регулативата за управување со отпад за општинската администрација и персоналот на ЈКП.
- Воспоставување на механизам за редовно ажурирање на општинските документи во согласност со националното законодавство и политичките рамки.
- Подобрување на комуникацијата меѓу општините во Југозападниот и Пелагонискиот регион и воспоставување технички механизам за спроведување на ИРСУО како работна група/орган меѓу општинскиот персонал, МЖСПП (Управа за животна средина), Центарот за развој на планскиот регион, Државниот инспекторат за животна средина, Здружението на јавни комунални претпријатија АДКОМ, ЗЕЛС и други релевантни засегнати страни.

# Област II:
# Организациски капацитет и носење одлуки

## Наоди:

Општините се соочуваат со значителни недостатоци во организациската структура, со нејасни улоги и одговорности за управување со отпад. Недоволно персонал и експертиза го попречуваат стратешкото планирање, спроведувањето и процесите на донесување одлуки.




## Препораки:

- Дефинирање нови позиции во организациската структура специјално посветени на управувањето со отпад, со јасни одговорности и обврски поврзани со овие улоги.
- Екипирање на специјализирани единици со вработени кои поседуваат експертиза во управувањето со отпад, како правници и инженери. Осигурување дека овие лица имаат потребните вештини и знаења за ефективно справување со предизвиците на управувањето со отпад.
- Воспоставување процедури за вклучување на релевантните засегнати страни, вклучувајќи граѓани, НВО и образовни институции, во процесот на донесување одлуки кои се однесуваат на иницијативите за управување со отпад. Поттикнување активна учество и соработка за да се поведе грижа дека се разгледуваат различни перспективи.
- Ажурирање на актите за систематизација за усогласување со законодавните и стратешките барања за интегрирано управување со отпад. Осигурување дека организациските структури и процеси се усогласени со постојните регулативи и стратегии за управување со отпад.
- Воспоставување нови единици посветени на управување со отпад во општинската структура. Јасно дефинирање на улогите и одговорностите на овие единици за осигурување на ефективна координација и спроведување на активности за управување со отпад.
- Воспоставување механизми и пишани упатства за вклучување на релевантните засегнати страни во процесите на носење одлуки и иницијативи поврзани со управување со отпад.
- Спроведување анализи за поддршка на развојот на НВО секторот вклучен во иницијативи за управување со отпад. Идентификување на можности за соработка и партнерство со НВО и истражување начини за обезбедување континуирано финансирање преку донатори за поддршка на нивните напори.

# Област III:
# Управување со податоци и следење

## Наоди:

Постојат субоптимални практики за собирање податоци и следење што го попречуваат планирањето и инвестициските одлуки во сите општини. Отсуството на сеопфатни бази на податоци за отпадот на локално ниво, заедно со недоволното следење и евалуација на практиките за управување со отпад, дополнително ги зголемува овие предизвици.




## Препораки:

- Воспоставување сеопфатен и потпирлив систем за собирање податоци, вклучувајќи база на податоци за следење на различни видови општински отпад, како што се пластика, хартија и електронски отпад. Оваа база на податоци ќе служи како корисен ресурс за разбирање на количествата, типовите и трендовите на отпад.
- Дефинирање на улоги и одговорности за општинскиот персонал посветен на обработка на податоците за управување со отпадот. Осигурување на усогласеност со националните законодавни и стратешки рамки за подобрување на конзистентноста и усогласеноста во практиките за управување со податоци.
- Развивање пишани процедури за обработка и комуникација на податоци за управување со отпад со релевантните засегнати страни. Јасни упатства би ги поедноставиле процесите за управување со податоци и олесниле ефективното комуницирање и соработка меѓу засегнатите страни.
- Подобрување на следливоста на договорите со колективните постапувачи преку засилени механизми за следење. Имплементирање на мерки за следење на количествата, типовите и методите за отстранување на отпадот за постигнување усогласеност со договорните обврски.
- Засилување на следењето и евалуацијата на локалните политики за управување со отпад преку дефинирање на индикатори за проценка на ефективноста на политиките. Редовните проценки ќе обезбедат корисни препораки за успешноста на иницијативите за управување со отпад и ќе идентификуваат области за подобрување.

# Област IV:
# Планирање и известување

## Наоди:

Општините неодамна развија и усвоија Локални акциски планови за управување со отпад, што покажува посветеност кон унапредување. Меѓутоа, во моментот не постојат механизми и процедури за редовно следење, известување и создавање индикатори за успешноста на долгорочните и годишните документи за планирање политики, и тие допрва треба да се воспостават.




## Препораки:

- Развивање на механизми за следење, известување и создавање индикатори за успешност на долгорочните и годишните документи за планирање политики.
- Редовно следење и евалуација на локалните политички документи за управување со отпад преку јасно дефинирани цели и индикатори за успех/учинок.
- Воспоставување на редовно известување за ЛАП за управување со отпад и други документи за политики и планирање.
- Развивање на унифицирани шаблони и упатства за известување во врска со собраниот отпад.

# Област V:
# Меѓусекторска координација и меѓуопштинска соработка

## Наоди:

Општините немаат воспоставени механизми и процедури за координација и соработка меѓу секторите и недоволно ја користат меѓуопштинската соработка како инструмент за ефективна и ефикасна испорака на локални услуги.



**Препораки:**

- Развивање на процедури и упатства за ефективна комуникација и координација во рамките на структурата на секоја општина, за да се подобри соработката меѓу секторите одговорни за прашања поврзани со животната средина и управување со отпадот.
- Иницирање меѓуопштинска соработка со општините во двата региони за формализирање на партнерствата и олеснување на заедничките напори околу иницијативите за управување со отпадот, наведени во регионалните и локалните акциски планови.
- Распределба на ресурси и обезбедување финансии за спроведување на МОС со идентификуваните општини, за поддршка на заедничките активности.
- Развивање и имплементација на програми за обука за подобрување на знаењето на персоналот за меѓуопштинска соработка и примена на знаењето во активности за управување со отпад, особено во соседните општини како Битола и Новаци.

# Област VI:
# Знаење, стручност и иновации

**Наоди:**

Општините немаат доволно стручност за спроведување на политиките и стратегиите за управување со отпад поради недостаток на обука и недоволно персонал посветен на прашањата за отпад. Освен Прилеп и Охрид, поголемиот дел од персоналот во останатите општини има само основно знаење и разбирање за приоритетите и целите поставени во Регионалниот план за управување со отпад 2016 - 2026, како и Планот за управување со отпад 2021–2031. Дополнително, освен Општина Битола, сите други општини или не користат никаква дигитална алатка за оптимизирање на маршрутите за собирање и транспорт на отпад (ГИС), ниту имаат доволно знаење за користење на иновативни технологии за управување со отпад.




**Препораки:**

- Развивање и имплементација на програма за развој на капацитетите фокусирана на теми за управување со отпад за да се надминат тековните недостатоци во знаењето и стручноста меѓу општинскиот персонал.
- Развивање и воведување на платформа за учење за општинскиот персонал кој работи на управување со отпад, како и за персоналот на јавните комунални претпријатија, на континуирана основа.
- Истражување и искористување на можности за користење на иновативни технологии за подобро управување со услугите во иднина (на пр. ГИС).
- Обезбедување обука за општинскиот и персоналот на ЈКП за користење иновативни технологии (вклучувајќи ги и постоечките) за управување со отпад.

# Област VII:
# Распределба на ресурси

## Наоди:

Општините се соочуваат со недостиг на ресурси за управување со отпад и во голема мера се потпираат на надворешно финансирање. Постојните комунални такси често се покажуваат како недоволни за покривање на трошоците, што ја нагласува итната потреба од одржливи механизми за финансирање.




## Препораки:

- Распределба на финансии за активности за управување со отпад во општинскиот буџет на повеќегодишна основа за осигурување на конзистентна финансиска поддршка и долгорочно планирање.
- Постигнување усогласеност на општинскиот буџет со финансиската распределба од ЛАП за управување со отпад и другите документи за политики.
- Барање и обезбедување дополнителни средства од извори како ИПА и други билатерални донатори за дополнување на општинските буџети и зголемување на финансиските ресурси за иницијативи за управување со отпад, на координиран начин и во согласност со РПУО и ЛАП.
- Развивање на фазен план, вклучувајќи комуникациска стратегија за воведување нови сервисни такси/тарифи, осигурувајќи усогласеност со регулативите поставени од Регулаторната комисија за енергетика и водостопанство.
- Подобрување на квалитетот на податоците поврзани со генерирање и собирањето комуналниот отпад со цел прецизно информирање на структурите задолжени за надоместок/ такса, овозможувајќи правично и ефикасно спроведување на надоместокот.
- Зголемување на стапката на наплата на постоечките такси за услуги за отпад преку спроведување на стратегии за подобрување на наплатата и намалување на избегнувањето на плаќање.
- Редовно следење на договорите со колективните постапувачи во врска со количините на отпад, типовите и плаќањето такси за обезбедување транспарентност, отчетност и усогласеност со договорните обврски.
- Проширување или воспоставување договори со колективните постапувачи за постапување со различни видови отпад како пакување и пластика за осигурување на сеопфатно покривање на управувањето со отпад.

# Област VIII:
# Инфраструктура и опрема

## Наоди:

Во некои општини има значително пониско покривање со собирање отпад, особено во руралните области и оддалечените населби, првенствено поради лошата патна инфраструктура, негустото население и ограничената економичност. Иако повеќето општини известуваат за доволен број на возила за отпад, голем дел од нивниот возен парк е застарен и има потреба од дополнителна опрема за отпад (канти и контејнери). Во овој контекст, треба да се забележи дека тековните напори за воспоставување на Интегриран регионален систем за управување со отпад, изградба на претоварни станици и набавка на нова опрема преку проекти како Регионалниот проект за цврст отпад на ЕБОР, покажуваат проактивен пристап кон развојот на инфраструктурата.




## Препораки:

- Развивање на сеопфатен план за управување со ресурси и одржување на возилата и опремата за отпад за да се осигура оптимална функционалност и долговечност.
- Спроведување детална анализа за потребата од дополнителни контејнери или канти за собирање на различни видови отпад, вклучувајќи био-отпад и пластика. Оваа анализа треба да ги земе предвид факторите како раст на населението, стапки на генерирање отпад и тековниот капацитет на контејнерите.
- Развивање планови за набавка на дополнителна опрема, фокусирајќи се на обезбедување канти за домаќинствата. Со овие планови треба да се избегне дуплирање со други проекти финансирани од донатори за максимизирање на ефикасноста и искористувањето на ресурсите.
- Развивање планови за дополнителна инфраструктура, како што се обиколници и сервисни патишта, и опрема, вклучувајќи камиони и канти, за подобрување на практиките за управување со отпад. Осигурување дека овие планови избегнуваат дуплирање со други тековни проекти за оптимизирање на распределбата на ресурсите и ефективноста на проектите.
- Обезбедување финансии за решавање на потребата за дополнителна инфраструктура и опрема. Истражување на опции за финансирање како што се општински буџети, надворешни грантови, заеми или јавно-приватни партнерства за да се обезбедат доволно финансиски средства за спроведување.
- Анализа и планирање за дополнителни контејнери или канти за собирање на различни видови отпад, како што се био-отпад или пластика. Треба да се избегне можноста од дуплирање со други проекти за да се постигнат координирани напори и да се избегнат непотребни трошоци.

# Област IX:
# Вклучување на засегнати страни

## Наоди:

Иако повеќето општини ја препознаваат важноста од вклучување на засегнатите страни во планирањето и спроведувањето на активностите за управување со отпад, само неколку вклучуваат засегнати страни во овие процеси. Дури и за општините кои ги вклучуваат засегнатите страни, нема редовен механизам/процес, а вклучувањето е нередовно и се случува ад-хок.




## Препораки:

- Развивање локален план/програма за вклучување на засегнатите страни за активно вклучување на различни засегнати страни, вклучувајќи НВОи, граѓани, бизнис сектор и колективни постапувачи, во планирањето и спроведувањето на политиките за управување со отпад на локално ниво. Оваа програма треба да приоритетизира инклузивност и соработка, поведувајќи сметка дека различните перспективи се разгледуваат во процесите на носење одлуки поврзани со управување со отпадот.
- Спроведување сеопфатно мапирање на засегнатите страни за идентификување и категоризација на релевантните засегнати страни вклучени во активностите за управување со отпад во општината, вклучувајќи НВОи, граѓани, бизниси и колективни постапувачи.
- Воспоставување механизми за вклучување на засегнатите страни во процесите на планирање на политиките.
- Развивање на приспособени стратегии за ефективно вклучување на различни групи засегнати страни. Ова може да значи организирање јавни форуми, работилници, фокус групи и консултациски сесии за собирање мислења и возвратни согледувања околу иницијативите за управување со отпад.
- Обезбедување обуки и можности за развој на капацитетите за засегнатите страни за подобрување на нивното разбирање за прашањата, политиките и најдобрите практики за управување со отпад. Ова може да опфаќа работилници, семинари и образовни кампањи насочени кон зголемување на свеста и промовирање одржливи однесувања за управување со отпад.
- Олеснување на процесите на колаборативно планирање кои вклучуваат засегнати страни во донесувањето одлуки за политики, програми и проекти за управување со отпад. Поттикнување на активно учество и ко-креирање за усогласување на иницијативите со потребите и приоритетите на заедницата.
- Развивање иновативни механизми за финансирање во поддршка на спроведувањето иницијативи за управување со отпад. Ова може да вклучува обезбедување средства од општинските буџети, барање грантови од надворешни донатори и можности за јавно-приватни партнерства за да се искористат дополнителните ресурси.
- Воспоставување механизми за следење и евалуација на ефективноста на активностите за ангажман на засегнатите страни и ефектот од интервенциите за управување со отпад. Редовни возвратни согледувања и оценки на учинокот/успешноста ќе помогнат во обезбедување отчетност и континуирано подобрување.

# Област X:
# Јавна свест и едукација

## Наоди:

Постојат ограничени иницијативи за подигнување на јавната свест и едукација за прашањата поврзани со управување со отпад во сите општини. Недостигаат стратегии за комуникација и јавна свест, и општините ретко користат јавни настани за промовирање на позитивни практики за управување со отпад. Сепак, некои општини, како Прилеп и Охрид, соработуваат со локалните образовни институции (основни училишта и градинки) за да ги интегрираат предавањата за учениците околу одржливите практики за управување со отпад, во наставните планови.
Едукативни/менторски програми за управување со отпад за наставниот кадар не се имплементирани во ниту една од општините.




## Препораки:

- Развивање на сеопфатна, повеќегодишна стратегија/програма насочена кон зголемување на јавната свест и едукација на учениците и граѓаните за управувањето со отпадот.
- Развивање и имплементација на едукациска програма за управување со отпад наменета за наставниците во основните училишта.
- Користење на јавни настани организирани од општината за промовирање на одржливи практики за управување со отпад.
- Спроведување кампањи за подигнување на јавната свест насочени кон граѓаните од сите возрасти преку различни канали, како што се заеднички настани, социјални медиуми, постери и информативни материјали дистрибуирани на јавни места.
- Обезбедување специјализирани обуки и работилници за специфични групи во заедницата, како што се лидери на заедницата, локални бизниси и работници за управување со отпад.
- Формирање партнерства со локални организации, НВОи и групи на заедницата за зголемување на досегот и влијанието на иницијативите за подигнување на јавната свест.
- Воспоставување механизми за следење и евалуација на ефективноста на иницијативите за подигнување на јавната свест и едукација со тек на време.

## Бодовни резултати на општините во секоја од десетте области

| | Новаци | | Прилеп | | Охрид | | Кичево | | Пласница | | Битола | | Вкупен просек | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резиме на проценка на општините** | Бод. рез. | % | Бод. рез. | % | Бод. рез. | % | Бод. рез. | % | Бод. рез. | % | Бод. рез. | % | Макс. бодови | Просечен бодовен резултат | Просек % |
| I. Усогласеност на регулативите и политиките | 0,5 | 7 | 4,5 | 64 | 5 | 71 | 5 | 71 | 5 | 71 | 4,5 | 64 | 7 | 4 | 58 |
| II. Организациска структура и процес на носење одлуки | 2 | 33 | 1,5 | 25 | 3 | 50 | 1 | 8 | 2 | 33 | 1,5 | 25 | 6 | 2 | 29 |
| III. Собирање податоци и следење (мониторинг) | 1 | 11 | 1 | 11 | 2 | 22 | 1 | 11 | 1 | 11 | 1 | 11 | 9 | 1 | 13 |
| IV. Планирање и известување | 1 | 17 | 2,5 | 42 | 5 | 83 | 4 | 58 | 3 | 42 | 3 | 50 | 6 | 3 | 49 |
| V. Меѓусекторска координација и меѓуопштинска соработка | 3,5 | 39 | 2 | 22 | 2 | 17 | 1 | 11 | 3 | 28 | 3 | 33 | 9 | 2 | 25 |
| VI. Знаење, стручност и иновација | 2 | 29 | 3 | 43 | 4 | 50 | 3 | 43 | 3 | 36 | 3,5 | 50 | 7 | 3 | 42 |
| VII. Распределба на ресурси | 1,5 | 21 | 3,5 | 50 | 3 | 43 | 3 | 43 | 4 | 57 | 1 | 14 | 7 | 3 | 38 |
| VIII. Инфраструктура и опрема | 7,5 | 75 | 9.5 | 95 | 9 | 90 | 5 | 45 | 5 | 45 | 9,5 | 95 | 10 | 8 | 75 |
| IX. Вклучување на засегнати страни | 5,5 | 46 | 9 | 75 | 10 | 83 | 2 | 13 | 6 | 46 | 0 | 0 | 12 | 5 | 44 |
| X. Јавна свест и едукација | 2 | 25 | 5,5 | 69 | 2 | 20 | 1 | 6 | 1 | 13 | 0 | 0 | 8 | 2 | 22 |

Проценката на капацитетите на општините беше од клучно значење за идентификување на областите кои треба да се подобрат и за издвојување на областите кои имаат потреба од унапредување, како и презентација на препораките за водење на општините во ефективно спроведување на нивните Локални акциски планови за управување со отпад. Проектот ќе им помогне на општините да ги трансформираат предизвиците во можности, фокусирајќи се на градење на капацитетите, меѓуопштинска соработка, мобилизација на ресурси и вклучување на засегнатите страни, а со тоа ќе ги поддржи во подобрување на услугите за отпад и воспоставување на интегриран и одржлив регионален систем за управување со отпад.




SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden Sverige

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

ЗЕЛС